**ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ МЕЃАШИ, РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Коста Новаковиќ 22а, Скопје
Тел: (02) 2465-316; тел./факс: (02) 2463-900
info@childrensembassy.org.mk  www.childrensembassy.org.mk

# ЗАВРШЕН ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2011 ГОДИНА

# РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

**Февруари 2011 година,**
**Скопје**

**СОДРЖИНА**


Мисија

1. Бесплатен СОС телефон за деца и млади-0800 1 22 22
2. Бесплатна правна служба
3. Борба против насилство, злоупотреба на деца, педофилија и родоскврнавање
   - Светски ден за превенција од злоупотреба на децата (19 Ноември) и светски ден на детето (20 Ноември)
   - 12 Јуни Светски ден против детскиот труд
4. Глобална недела на акција за вклучување на сите деца во образование 2011
5. Дневен центар за деца кои не одат на училиште
   - Активности за Новогодишните празници
   - Листа на поддржувачи на Дневниот центар во 2011
6. Детски работилници за правата на детето
7. Социјална служба
8. Лобирање, застапување и мониторирање на состојбата со детските права во Република Македонија
9. Мировно образование
10. Поддршка на ранливите групи на деца во Македонија
    - Тренинг со претставници од општините
    - Работилници во општините
11. Од дом на свое
12. Самоодржливост и филантропија
    - Новогодишни честитки и касички

## Мисија

Првата детска амбасада во светот-Меѓаши е невладина организација чија цел е заштита на децата и нивните права и зајакнување на НВО движењето за правата на детето во Република Македонија. Амбасадата се залага за почитувае на детската личност преку заштита на нивните права, застапување на најдобрите интереси и збогатување на животот со содржини кои детството го прават сигурно и творечко.

## 1. Бесплатен СОС телефон за деца и млади-0800 1 22 22

СОС телефонот за деца и млади функционира веќе 19 години (од октомври 1993 година) и досега се регистрирани вкупно 18.250 повици. Детскиот СОС телефон претставува служба за директна помош и поддршка на децата, младите и нивните семејства. Со телефонскиот повик децата може да добијат помош и информации, стручен совет, психо-социјална поддршка или едноставно да разговораат за проблемите со кои се соочуваат, а за кои немаат со кого да поразговараат. Токму затоа стручниот тим на СОС линијата го сочинуваат педагози, психолози, социјални работници, психотерапевти и волонтери од овие профили кои во разговорите не даваат готови решенија на проблемите туку разговараат за можни алтернативи за решавање на проблемот за кој ни се јавиле.

На СОС телефонот за деца и млади во текот на 2011 година се регистрирани 235 дојави. Од вкупниот број на дојави само 15 деца се јавиле како дојавувачи. Останатите 220 дојавувачи биле возрасни кои пријавиле вкупни 462 случаи на проблеми кои ги имаат деца. Тоа значи дека во просек една дојава се однесува на две деца. Децата се најнезаштитени онаму каде што треба да се најзаштитени (во домот, во училиштето, во другите институции кои се надлежни да овозможат непречено остварување на правата на децата:

- 84 деца од вкупниот број на евидентирани случаи биле незаштитени и изложени на насилство во своето семејство што одговара на 17.61 % ;
- 86 деца биле незаштитени и изложени на насилство во своето училиште што е 18.03% од вкупниот број случаи;
- 86 деца биле изложени на институционална злоупотреба (проблем во утврдување на надлежност и одговорност меѓу државните институции, ненавремено реагирање, непочитување на детското мислење во постапки кои се од значење за децата, дополнителна виктимизација и стигматизација на деца кои веќе биле жртви...).

Од вкупните 477 случаи 191 дете биле изложени на физичко, психичко и сексуално насилство, како и негрижа и занемарување. Децата секојдневно молчат и трпат насислтво. Тие ретко го пријавуваат насилството бидејќи се плашат. Тие се разочарани и обесхрабрени од  родителите, старателите, наставниците и институциите кои треба да им помогнат и да се грижат за нив.

## 2. Бесплатна правна служба

Во зависност од видот на проблемот за кои ни се обраќаат јавувачите, паралелно со СОС службата функционира и бесплатната правна служба. Истата постапува со писмени обраќања до различни државни и социјални институции, ги следи постапките кои ги преземаат овие институции и реагира доколку не постапуваат во најдобар интерес на децата.

Во 2011 година, бесплатната правна служба постапуваше со 85 писмени обраќања. Најголемиот дел од писмените обраќања, поточно 34, беа упатени до Центрите за социјална работа. До Народниот Првобранител се имаме обратено со 21 претставка, до секретаријатите при Министерсвото за внатрешни работи имаме реагирано со 15 претставки, до надлежните министерства 7 обраќања, 3 до локалната самоуправа, 1 до Дирекција за заштита на податоци и 4 до останати институции. Од вкупно пратените 85 претставки до надлежните институции, досега имаме добиено 60 одговори.

Од надлежните институции секогаш бараме да не информираат за мерките и активностите кои ќе бидат преземени од нивна страна, за да може активно да го следиме случајот и повторно да реагираме доколку е потребно.

На овој начин Детската амбасада Меѓаши врши и мониторинг врз институциите за нивна поголема ангажираност и брза реакција во решавањето на проблемот, се со цел најдобра заштита на децата.

Во дел од своите обраќања до надлежните институции, правната служба се повикува на одредени меѓународни документи и национални закони во кои се наведени правата на децата, начинот на нивно остварување како и механизмите на нивна заштита. Првенствено се повикуваме и ја следиме имплемантацијата на Конвенцијата за правата на детето на Обединетите Нации и двата Факулатативни протоколи кон оваа Конвенција, потоа Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на деца од сексуална експлотација и сексуална злоупотреба, Конвенцијата на Меѓународната организација на трудот за најлошите форми на детски труд и низа други меѓународни и национални стандарди за правата на децата.

Нашата пракса покажува дека надлежните институции при своето работење многу малку се повикуваат или воопшто не ја користат Конвенцијата за правата на детето и даваат објаснување дека не може директно да ја применуваат, иако во случај на колизија меѓународните конвенции се во супериорна позиција во однос на националните закони.

## 3. Борба против насилство, злоупотреба на деца, педофилија и родосквернавање

Првата детска амбасада во светот Меѓаши и во текот на 2011 година продолжи со активности во делот на борба против сексуална злоупотреба врз деца како и борба против најлоша злоупотреба на детскиот труд. Имаше бројни реакции до соодветните институции за санкционирање и казнување на сторителите на злоупотреба на децата како и препораки како треба да се дејствува во насока на превенирање и заштита од злоупотреба на децата.

- **Светски ден за превенција од злоупотреба на децата (19 Ноември) и светски ден на детето (20 Ноември)**

Како дел од активностите во борбата против најлоши форми на злоупотреба на детскиот труд и борба против сексуална злоупотреба врз деца, Првата детска амбасада во светот Меѓаши, ги одбележува 19 Ноември, Светскиот ден за заштита на децата од злоупотреба и 20 Ноември Светскиот ден на детето.

Република Македонија во 1993 година ја ратификуваше Конвенцијата за правата на детето и со тоа се обврза да направи напори за успешно спроведување на обврските од истата. Исто така, Република Македонија во 2002 година стана потписник и на Конвенцијата за забрана и за елиминација на најлошите видови на детски труд донесена од страна на Меѓународната организација на трудот МОТ во која беа потенцирани најлошите видови на детски труд и обврските за државите потписнички што треба да ги преземат за спречување на злоупотреба на детскиот труд.

Првата детска амбасада во светот Меѓаши минатата година во рамките на Глобалната кампања 19 дена Активизам за заштита на децата од злоупотреба спроведе низа на активности како што се:

- Фудбалски турнир за ученици од три средни училишта во Скопје

Турнирот се одржа на 2ри Ноември 2011 година. Екипите кои учествуваа на истиот беа од мешан етнички состав. Целта на турнирот беше да се промовира мирот и ненасилството како основни вредности во Македонското општество.

- Тренинг за мировно образование за 12 професори од три средни училишта и 6 млади мировни едукатори од Македонија

Професорите и младите мировни едукатори беа обучени за работа со учениците во однос на комуникацијата и ненасилното решавање на конфликти со цел намалување на насилството помеѓу учениците во училиштата.

- Работилници во неколку општини во Македонија за подготовка на планови и реализација на активности за поддршка на ранливите групи деца.

Првата детска амбасада во светот Меѓаши со своите активности продолжува континуирано да работи на подобрување на состојбата со правата на децата во Република Македонија и да се бори против насилството и сите форми на злоупотреба на децата.

По 10 години кампања за годишно одбележување на Светскиот ден за превенција од злоупотреба на децата - 19 ноември и градење на меѓународната коалиција на соработници, дојде време да се прошират нашите терени со отворањето на WWSF.

**19 дена на активизам за глобалната кампања 1-19 ноември**

**Цели на 19-дневната кампања:**

Фокусот во текот на 19 дена беше насочен кон спречување на различни видови злоупотреба и насилство врз децата и младите. Кампањата имаше за цел да продолжи со посочување на алармантни проблеми, нивни повеќеслојни аспекти, како и потребата да се генерира доволно интерес, кај Владата и да се пробуди јавна поддршка за подобра превенција.

**Зошто Светски ден?**

Заедно да создадеме култура на превенција!
Злоупотребата, посебно сексуалната злоупотреба врз децата е универзален и алармантен проблем кој привлече внимание и ефикасни заштитни вештини, неопходни заштитни мерки во семејството, на локално, национално и интернационално ниво.

По долгата традиција на молчење за сексуалната злоупотреба врз децата, денес се повеќе и повеќе почна да се зборува и разоткрива на таа проблематика, со што таа стана јавна и политичка тема.

**Зошто коалицијата на НВО-и треба да го одбележува денот на превенција од детската злоупотреба?**

Главната цел на коалицијата на НВО-и е да придонесе во создавање на култура за превенција на насилството и злоупотребата врз децата. Оваа глобална алијанса тежнее кон подигнување на јавната свест, мобилизирање на јавното мислење и акција и проширено информирање во врска со програмите за превенција.

За пристапување кон коалицијата, членовите се обврзуваат да го одбележат овој ден со локални и национални настани и активности:

- Наведување за одбележувањето на денот во нивните публикции и на нивните веб-страници
- Раздавање на постери, едукативни програми и информации
- Создавање партнерство со локални организаии кои работат во полето на промоција и заштита на детските права,
- Известување до пишаните и електронските медиуми
- Информирање на локалните власти за постоењето на овој ден
- Планирање активности и лобирачки групи за официјално прогласување на овој ден како национален ден-празник.

**-12 Јуни Светски ден против детскиот труд**

Стотици милиони девојчиња и момчиња во целиот свет се жртви на детски труд изложувајќи се на ризична и опасна работа што ги лишува од соодветно образование, здравство, одмор и основни слободи. Повеќето од нив се изложени на најлошите форми на детски труд, како што се работа во опасни средини, ропство, или други форми на принудна работа, незаконски активности како што се трговијата со дрога и проституција, како и учество во вооружени конфликти.

Меѓународната организација на трудот (МОТ) во 2002 година го лансираше првиот Светски ден против злоупотреба на детскиот труд, како начин да се нагласи состојбата на овие деца. Светскиот ден за борба против детскиот труд има за цел да промовира свест и делување за справување со детскиот труд. Поддршката за овој ден расте секоја година. Според Глобалниот извештај на МОТ за детскиот труд во 2010 се проценува дека има 215 милиони деца работници во светот, а 115 милиони деца се вклучени во работи опасни по детското здравје, безбедноста или моралот. Вниманието на меѓународната заедница денес и невладините организации како што е на пример Глобалниот

марш против детскиот труд се насочени кон отстранување на најтешките форми на детски труд до 2016 година, но загриженоста дека тоа ќе се постигне е се поголема поради фактот дека на овој проблем не му се посветува доволно внимание ниту ресурси за постигнување одржливи социјални промени. За да се постигне елиминирање на најлошите форми на детскиот труд потребни се големи напори и посветеност во делот на редуцирање на сиромаштијата, подобра социјална заштита и вклучување на сите деца во образованието.

Со одбележување на 12 јуни Меѓународниот ден против злоупотреба на детскиот труд, Првата детската амбасада во светот Меѓаши потсетува дека Република Македонија иако ја ратификуваше конвенцијата бр.182, сеуште состојбата со детскиот труд е алармантна. Над 18 000 деца во Република Македонија не одат на училиште и над 2000 деца секојдневно денот го поминуваат на улица во субстандарни услови, живеејќи под ведро небо без родителска грижа. Најчесто овие деца се жртви на најтешките форми на злоупотреба на детскиот труд. Ги има од сите возрасти и националности, но најмногубројни се Роми. Правото на сите деца да учат е природно право на секое човечко суштество. Ова важи особено за децата од улица, бидејќи ако државата обезбеди задолжително бесплатно и пред се квалитетно образование за секое дете може да се затвори кругот на неписменост, сиромаштија, детска експолатација и злоупотреба.

Децата на улица ако се вклучат во училиштето ќе бидат дел образовниот процес и ќе имаат други навики и потреби. Ќе треба и ќе мора да ги исплнуваат училишните обврски.

Постојат значителни разлики помеѓу видот на работа кои децата го вршат. Некои од нив се опасни по нивното физичко и психичко здравје, некои од нив ја загрозуваат моралната благосостојба на децата. Децата извршуваат широк спектар на активности кога работат. Сепак најчесто под терминот “детски труд” се подразбира дејство кое го вршат децата и кое ги лишува од нивното детство, нивниот потенцијал, нивното досоинство и штети на нивниот психички и физички развој.

Во член 3 од Конвенцијата бр.182 за забраната на најлоши форми на злоупотреба на детски труд се наведува дека најлоши форми на детскиот труд се однесуваат на сите видови на ропство, продавање и трговија со деца, присилна и принудна работа, употреба, посредување или понуда на дете за проституција, за производство на порнографија; употреба, посредување на дете за противзаконска дејност, посебно за производство и трговија со дрога; работа која по својата природа или околности во кои е извршена штети на здравјето, сигурноста и моралот на децата.

Комитетот за правата на детето при ООН, пред една година упати препорака до Владата на Република Македонија во која се вели:
“Комитетот препорачува државата да го зајакне спроведувањето на законите и политиките за работни односи и да ги истражи основните причини за да се спречи појавата на деца во опасност од детски труд, особено во неформалната економија.”

Како што е познато, Владата на Република на Македонија прави напори да ја намали злоупотребата на детскиот труд со отварање на дневни центри, каде што дел од децата кои од најразлични причини не се вклучени во редовниот образовен процес секојдневно доаѓаат. Во дневните центри им се дава оброк, облека, обавуват основни хигиенски потреби и се здобиваат со основни воспитно-образовни содржини. Но,ставот на Правата детска амбасада

во светот Меѓаши е дека дневните центри не се трајно решение, за обезбедување на основните права на децата на право на дом, образование и заштита од злоупотреба на детски труд. Најчесто овие деца по престојот во дневниот центар повторно завршуваат на улица и ги обавуваат нивните неформални секојдневни обврски (собирање старо железо, пластика, препородавање ситни дребулии и питачње). Причина за ова не е нивната желба или несакањето да уживаат во детската игра и безгрижност, најчесто овие деца се чувствувааат должни да обезбедат егзистенција за своето семејство. Не помалку различна е и состојбата со деца кои се жртви на детски труд во руралните средини, во земјоделието, сточарството или во домаќинствата (особено девојчињата).

Посебен акцент треба да се стави на превентивното делување во борбата против детскиот труд. Наставниците, новинарите, работодавците, синдикатите и самите деца треба да се информираат за начините за справување со детскиот труд. Повеќе информации за тоа што секој од нас треба да преземе независно во кое својство настапува (работодавец, наставник, родител, новинар..) за да ја помогнете борбата против злоупотреба на детскиот можете да најдете на нашата интернет страна.

## 4. Глобална недела на акција за вклучување на сите деца во образование 2011

Светската кампања за вклучување на децата во училиште „Global Campaign for Education" е активност која ја спроведуваме секоја година почнувајќи од 1999 година. Оваа акција на меѓународно ниво е координирана од страна на Global March Against Child Labor, додека национален координатор кај нас е Првата детска амбасада во светот Меѓаши.

Кампањата е предвидено да трае до 2015 година, кога треба да се добијат резутатите од сите реализирани кампањи до тогаш, а се однесуваат на вклучување на сите деца во образование, овозможување на бесплатно образование, бесплатни учебници за секое дете, доволен број на квалификувани наставници, задолжително и квалитетно образование.

Зајакнување на свеста за потребата од вклучување на сите деца во задолжителниот процес на образование ширум целиот свет, е целта на кампањата што е започната во рамки на Глобалната недела на акција, што се одржува секоја година на меѓународно ниво.

Темата на акцијата за 2011 година беше „Образование на жените и девојчињата" со слоган „Тоа е право; Остварете го тоа право: Образование за жени и девојчиња сега!" и со подслоган „Да, таа може". По тој повод во повеќе од 100 земји низ целиот свет се здружија политичари, активисти и граѓани кои ги слушнаа инспиративните приказни на жени и девојчиња кои раскажуваа за улогата на образованието во нивниот живот.

За време на еднонеделната кампања која траеше од 2 до 9 мај 2011 година беа организирани неколку настани, наречени: **„Големата приказна"**
1. Посветување на еден училишен час „Тоа е право; Остварете го тоа право: Образование за жени и девојчиња сега!" Наставниците, педагозите им објаснија на децата, на пригоден и информативен начин дека 69 милиони деца во светот не одат на училиште, не знаат да читаат и пишуваат и дека поголемиот број од

нив се девојчиња. Еден од секои 5 луѓе во светот не може да го прочита ова. Поголемиот број од нив се од женски пол, речиси 40 милиони девојчиња немаат никакво образование, не се вклучени во училиштата... И покрај постојните законски регулативи во Република Македонија кои пропишуваат задолжително основно и средно образование, сепак има 18.500 деца кои се надвор од училишните клупи, а вкупно 200.000 лица немаат завршено основно образование. Невклученоста во процесот на образование претставува ризичен фактор за децата за нивно вовлекување во најлошите форми на детски труд, како и нивна подложност на девијантно однесување.
2. Читање на претходно собрани инспиративни писма од неколку жени каде што тие раскажуваат како образованието придонело за позитивни промени во нивните животи.
3. Раскажување на животната приказна на неколку жени пред децата во Дневниот центар за деца кои не одат на училиште, во просториите на Првата детска амбасада во светот Меѓаши, за тоа како образованието им помогнало да станат она што се денес.

## 5. Дневен центар за деца кои не одат на училиште

Дневниот центар за деца кои не одат на училиште функционира во Детската амбасада Меѓаши од месец јуни 2007 година. Дневниот центар во 2007 година само 6 месеци беше финансиски поддржан од Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија, а од 2008 досега работи со поддршка од бизнис секторот и граѓаните.

Од исклучително важно значење за овие деца е продолжувањето на работата на Дневниот центар за да не го изгуби ефектот сето она што досега е направено. Децата веќе стекнаа навика да доаѓаат тука, редовното доаѓање им беше многу значајно и дури бараа почесто да го посетуваат Дневниот центар. Имајќи предвид во какви услови живеат доаѓањето во Дневниот центар е можност и за намалување на штети. Понекогаш во центарот доаѓаа и помалите членови на семејството со цел да се избањаат, да добијат барем една ужинка во денот и да поминат малку време во топла просторија. Децата и нивните семејства исто така добиваат облека, обувки (како донации од граѓаните), обезбеден им е полесен пристап до здравствената заштита и остварување на нивите права...

Ние овозможуваме згрижување на децата кои не одат на училиште, а кои живеат на територијата на Општина Аеродром каде всушност се наоѓа и Детската амбасада. Многу е значајно за оваа целна група Дневниот центар и физички да биде поблиску до местото на нивно живеење. Така не само децата туку и останатите членови на семејствата ги користат услугите на нашиот Дневен центар. Децата кои не одат на училиште, се изложени на здравствени ризици бидејќи имаат многу малку облека на нив особено во зима. На здравствени ризици се изложени и поради условите во кои живеат. Имено најголем дел од нив живеат во импровизирани куќи од картонски кутии и најлони, без струја и вода, без санитарни чворови. Поради лошите економски услови децата не се хранат редовно, ниту квалитетно. Главна цел на Дневниот центар е да им се овозможи на децата на улица и уличните деца инклузија во општеството,психо-социјална поддршка и интервенција преку

вонинституционална форма на социјална заштита. Во рамките на Дневниот центар се нудат најразлични услуги во зависност од потребите на децата (одржување на хигиената, овозможување примарна здравствена заштита, групна социјална работа, застапување и лобирање за заштита на нивните права, поддршка на нивните родители...).

Семејствата чии деца ги користат услугите на Дневниот центар исто така кога сакаат облеката од децата ја добиваат испрана бидејќи ние располагаме со машина за перење и за сушење.

Во рамки на Дневниот Центар во 2011 година беа регистрирани 35 деца на возраст од 5 до 17 години, но само 15 од нив редовно го посетуваа Дневниот Центар. Овие дечиња добиваат ужинка, чиста облека обезбедена како донација од страна на граѓаните, обувки, услови за одржување на личната хигиена и можност преку дружење, креативно и едукативно да го искористуваат своето време.

Истовремено, Детската амбасада Меѓаши презема активности и прави напори да им обезбеди полесен пристап до здравствена заштита на овие дечиња, да им помогне при информирање и остварување на нивните права, но и да им даде поддршка на нив и нивните семејства за надминување на проблемите со кои тие се соочуваат.

Покрај наведените услуги кои им се нудат на децата кои го посетуваат Дневниот центар и на нивните семејства, нашите напори се насочени пред се кон вклучување на овие деца во редовниот образовен процес.

Волонтерите кои работат со овие деца, најчесто се студенти и дипломирани лица од факултетите по педагогија, психологија и Институтот за социјална работа и истите согласно интересите на децата, им помагаат во стекнување на основни знаења (учење букви, бројки, цртање, боење, изработка на честитки....).

- **Активности за Новогодишните празници**

На ден 29. Декември 2010 година, Детската амбасада Меѓаши за децата од Дневниот Центар, организираше новогодишна забава со пакетчиња и подароци за децата и со присуство на Дедо Мраз, кој ги доделуваше подароците и со песни и приказни ги веселеше децата и присутните.

Новогодишни пакетчиња добија 111 дечиња, меѓу кои сите оние кои го посетуваат Дневниот Центар за деца што не одат на училиште при Детската амбасада Меѓаши, децата кои како внатрешно раселени беа згрижени до 2006-та во Прифатилиштето за деца во кризна состојба при Првата детска амбасада во светот Меѓаши, децата членови на Детската амбасада кои потекнуваат од социјално загрозени семејства, децата сместени во одморачиштето „Младост“ во с.Љубанци, како и децата кои живеат во инпровизирани живеалишта т.н. картон маало под тврдината Кале. Ова е најранливата група на дечиња, но Дедо Мраз успеа да им овозможи и тие да ја почуствуваат новогодишната радост и среќа.

Оваа година новогодишните пакетчиња беа обезбедени како донација од МакПрогрес, Бабилон Софтвер Солушн и Генел. Исто така, новогодишни пакетчиња обезбедија и учениците од О.У. „Лирија“ од Тетово, кои сами ги подготвија и им ги подарија на дечињата од Дневниот центар.

Оваа акција истовремено беше поддржана и од Фруктал и Здружението на граѓани за третман на лицата со Аутизам, АДХД и Аспергеров синдром „Во мојот свет“.

**- Листа на поддржувачи на Дневниот центар во 2011**

За непрекорно функционирање на Дневниот центар при Првата детска амбасада во светот Меѓаши, донациски го поддржаа Млечен ресторан Ваташа и хумани граѓани кои донираат облека, обувки и играчки, со што ја помогнаа неговата работа.

## 6. Детски работилници за правата на детето

Во 2011 година, Детската амбасада Меѓаши организираше работилници за правата на детето, кои се одржуваа во рамките на Детската недела ( 4. до 10. Октомври 2011).

За време на Детската недела, Детската амбасада Меѓаши ја посетија 276 дечиња кои учествуваа на овие работилници. Просториите на Детската амбасада Меѓаши ги посетија децата од

ОУ “Мирче Ацев”
ОУ „Димитар Поп-Георгиев Беровски“
ОУ „ Наум Охридски“
ОУ„ Ѓорѓија Пулевски“.

Воедно, Детската амбасада Меѓаши, ја посетија ученици и од училиштата од другите градови на Република Македонија:
ОУ “Лирија” – Тетово.

Во текот на овие работилници, децата на креативен и интерактивен начин, согласно нивната возраст, учеа за своите права и со помош на сликички тие сами ги дефинираа нивните потреби и желби и истовремено на тој начин учеа и кои се нивните права.

Сите деца кои ја посетија Детска амбасада добиваа информации и за бесплатниот СОС телефон 0800 1 2222 и ја посетија просторијата каде се наоѓа СОС телефонот, за да добијат подобра визуелизација за тоа како изгледа еден телефон каде што можат да се обратат секогаш кога ќе имаат проблем, прашање или потреба да разговараат со некого и да ги споделат своите мисли.

Работилниците за детски права беа водени од волонтери – студенти од различни факултети: педагози, психолози и социјални работници, за кои претходно беше организирана основна обука, водена од г-ѓа Јана Зенговска, Координатор на СОС телефонот за деца и млади.

## 7. Социјална служба

Детската амбасада Меѓаши од почетоците на своето работење спроведува и развива активности од социјално хуманитарен карактер. Социјалната служба постои и одговара на потребите на одреден број лица кои бараат разни видови на помош (хуманитарна-храна, лекови, облека, хигиенски средства, правна заштита, посредување итн.).

Како и досега и во 2011 година социјалната служба составена од неколку социјални работници-студенти кои беа ангажирани да им помагаат на дел од лицата кои се обратија за помош што подразбира обраќање до владини и невладини институции, поврзување со други невладини институции кои нудат услуги од јавен интерес, барање на различен вид на подршка и помош од други организациии или фирми.

## 8. Лобирање, застапување и мониторирање на состојбата со детските права во Република Македонија

Првата детска амбасада во светот Меѓаши и во 2011 година работеше во насока на лобирање и застапување за детските права и спроведувањето на Конвенцијата за правата на детето. Детската амбасада Меѓаши ја следеше и состојбата со детските права во Република Македонија како и работата на државните институции и на единиците на локалната самоуправа во делот на нивно постапување кога се работи за заштита на децата и нивните права. Детската амбасада Меѓаши мониторира што преземаат овие институции како надлежни за да обезбедат почитување на детските права и како тие постапуваат во ситуации кога детските права се повредени, оспорени или загрозени.

Ние го следиме имплементирањето на правата на децата во Република Македонија, особено на децата припадници на маргинализирани групи. Мониторирањето се врши преку редовните сервиси кои функционираат во Детска амбасада Меѓаши: СОС телефон за деца и млади (бесплатна линија);Бесплатна правна служба; Детски работилници; Дневен центар за деца кои не одат во училиште.

## 9. Мировно образование

Првата детска амбасада во светот – Меѓаши во април 2011. започна со спроведување активности за Мировно образование заедно со партнерската организација KURVE Wustrow од Германија со која има долгогодишна соработка. Проектот има за цел промовирајќи ги Мирот и Ненасилството како основни вредности во воспитно-образовниот систем да укаже на потребата од вградување на Мировното образование во наставните курикулуми.

Во серија од 5 обуки за ненасилна трансформација на конфликти и мировно образование, во текот на еднаипол година, се вклучени 12 професори/ки од три средни училишта и тоа СМУГС Д-р Панче Караѓозов,

гимназијата Никола Карев и ГУЦ Здравко Цветковски (по 4 од секое училиште) и 6 младинци како мировни едукатори/ки. Обучените по првата обука во август/септември 2011, започнаа со организирање на младински клубови во нивните училишта, креирајќи содржини со кои младите ќе се сензибилизираат активирајќи се на полето на градењето на мирот.

Ова е пилот проект кој треба да обезбеди учество на професор(к)ите и учениците/ките во креирањето на идните курикулуми од областа на Мировното образование. Затоа, една од задачите на проектот е да ги оснажи учесниците/ките за активен став во нивната средина, без насилство и со свесност за бројните видови неправди, дискриминации и насилства пренесувајќи им вештини и знаења кои се важни за градење на активен мир, граѓанско организирање и ненасилно дејствување.

## 10. Поддршка на ранливите групи на деца во Македонија

Во периодот од 4 јули 2011 до 31 Јануари 2012 Првата детска амбасада во светот Меѓаши имплементираше активности од прокетот “Поддршка на ранливите групи деца во Македонија„ кој беше подржан од страна на Швајцарска Агенција за развој и соработка (SDC) презентирана од страна на Канцелариите за соработка во Скопје. Главната цел на овој проект е да се придонесе во развивањето и докажувањето на ранливите деца преку соодветна социјална, психолошка и легална поддршка.

**Подготовка на критериумите за вклучување на општините во спроведување на проектот и контакт со општините**

Со цел да се зајакне соработката меѓу општините и центрите за социјална работа, училиштата, невладините организации на нивните територии, Првата детска амбасада во светот Меѓаши спроведе неколку активности со општинските лидери во областа на заштитата на децата. Во оваа активност учествуава 20 општини.

Според критериумите 20 општини беа избрани да учествуваат на тренингот за обука со времетраење од три дена . Секоја општина имаше по еден претставник кој учествуваше во обуката и активности.

**Презентации / работилници со локалните власти клучните претставници за прашања на децата, редовни состаноци со општините**

Претставници на првата детска амбасада во светот Меѓаши во текот на Ноември, Декември и Јануари имаа презентации и работилници во 20 општини во Република Македонија(Битола, Гостивар, Маврово и Ростуше, Врапчиште, Дебар, Тетово, Струмица, Охрид, Кавадарци, Прилеп, Велес, Штип , Центар, Ѓорче Петров, Чаир, Лозово, Куманово, Сарај, Карпош, и Чашка) за детерминација на проблемите и потребите на ранливите деца. Во секоја

општина  се дискутираше со претставници од  локалните заедници како и разговори со професионалци во областа на социјални работници, педагози, психолози, специјални едукатори, образовен инспектор, директори на училишта и сл. Бидејќи целната група се ранливите деца во секоја општина  се дискутираше на следниве прашања:

- број на деца кои не се регистрирани во општината

- деца кои питачат

- број на згрижувачки семејства

- вклученост на децата во образовниот процес

- постоење или непостоење на загрозени деца

- центри за деца зависници и сл.

Од секоја презентација/ работилница  е подготвен извештај со детално објаснување за ситуацијата на ранливите групи деца во општината.

Повеќе информации поврзани со детските права , презентации и работилници во општините може да се најдат на следниве web страници, како и на facebook страната на Првата детска амбасада во светот Меѓаши.

- the web-site: www.childrensembassy.org.mk,
- FB:http://www.facebook.com/pages/First-Childrens-Embassy-in-the-World-Megjashi-Republic-of-Macedonia/12283393778255
- the E-Newsletter "Bushavko"
- YOUTUBE CHANNEL http://www.youtube.com/user/Megjashi/videos

## 11. Од дом на свое

Првата детска амбасада во светот Меѓаши во Ноември 2011 започна со реализација на регионалниот проект „Од Дом на свое" ("From Foster to Prosper") како партнерска организација на Open Media Group од Хрватска, носител на проектот, а во соработка со невладини организации од Србија и Словенија. Овој проект е финансиран од Европската Комисија и има за цел да обезбеди активно социјално вклучување на младите од установите за сместување на деца и младинци без родители и родителска грижа и оние кои ги напуштиле овие установи, да промовира нивно вработување и еднакви можности.

Преку проектот се очекува објективно и аналитички да се претстави актуелната ситуација на децата и младинците без родители во Република Македонија, нивното образование и процентот на вработеност/невработеност на младите кои ги напуштиле установите за згрижување, но и проблемите со кои се соочуваат во секојдневниот живот.

Проектот се одвива во четири фази, и вклучува: спроведување на истражување, интервјуа со младинците од установите за сместување на деца и младинци без родители и родителска грижа, промотивна медиумска кампања во која гласноговорник беше Весна Петрушевска, која го поттикна интересот на работодавачите за вработување на овие млади луѓе, а дополнително ќе бидат организирани и работилници предводени од стручни лица во кои ќе се понуди обука поврзана со аплицирање за работно место.

Целосната реализација на проектот е во времетраење од една година, а една од целите која се очекува да биде постигната во финалната фаза е и вработување на овие млади лица во соодветни компании, институции и фирми, според нивните квалификации.

## 12. Самоодржливост и филантропија

- **Новогодишни честитки и касички**

Првата детска амбасада во светот Меѓаши и во 2011 година продаваше новогодишни честитки. Средствата што се собраа од продажбата на новогодишните честитки се наменети за работа на Бесплатниот СОС телефон за деца и млади 0800 1 22 22, Борба против педофилија и секаков вид насилство врз децата, Дневен центар за деца кои не одат на училиште и Бесплатна правна служба.

И во текот на 2011 година касичките од Детската амбасада Меѓаши беа поставени на повеќе локации во Скопје и поголемите градови во Р.Македонија. Им благодариме на граѓаните што со секоја нивна донација во касичките, ја покажаа нивната желба да ја поддржат работата на Првата детска амбасада во светот – Меѓаши.